UNITED NATIONS
NORTH MACEDONIA

# ДЕК 2020

# БИЛТЕН ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

6



## НАСЛОВИ

**Уводник:** Осврт на 2020, поглед напред со надеж и претпазливост стр **1**

**COVID-19:** ОН одговор и закрепнување стр **2-3**

**Други ОН активности** стр **4**

**Во фокус:** COVID-19 вакцинација: Подготовки за вакцините стр **4**

## ПОВАЖНИ НАСТАНИ

### ДЕКЕМВРИ

**3** Онлајн дискусија за вклученоста на жените со попреченост во политиката и одбраната во рамки на кампањата 16 Дена активизам, организирана од UN Women, во соработка со невладината организација Полио Плус, за да се одбележи Меѓународниот ден на лицата со попреченост.

**3** УНДП го поддржа официјалното отворање на првиот центар за работно ориентирана рехабилитација во земјата од страна на невладината организација Изгрев во Струмица

**10** UN Women организираше онлајн дебата за родова еднаквост и вклученост на жените со попреченост во одбранбениот сектор.

**14** СЗО организираше настан „Здравствените и социо-економските влијанија од КОВИД-19 и нивното ублажување во Северна Македонија"

**21-22** Работилница за стратешко планирање организирана од страна на UN Women за ресорните министерства во врска со вклучувањето на родовата перспектива во процесот на планирање

**22** ОН и Finance Think организираа конференција „Социо-економските влијанија од КОВИД 19 во Северна Македонија"

www.facebook.com/1un.mk
www.twitter.com/1UN_MK

## УВОДНИК од постојаниот координатор на ОН

Во декември 2019 година се подготвувавме за многу работа во претстојната година. Агенциите на ОН во Северна Македонија ги подобруваа своите амбициозни планови за 2020 год., вклучително и Рамката на ОН за соработка за одржлив развој за 2021-2025 (РСОР), којашто претставува клучен стратешки документ на ОН за земјата. Имавме малку сознанија за тоа колку ќе биде различна годината пред нас.

Не е премногу ако се каже дека пандемијата со Ковид-19 целосно ги промени нашите животи. Беше потребно време за да се прилагодиме на новата реалност, и на професионален и на личен план. Некои од тие промени може да траат, некои може да не вратат назад кон старото, но, една работа е сигурна: влијанието врз нашите општества ќе биде трајно.

Отсуството на предвидливост беше главна карактеристика на 2020 година. Со тоа дојде и несигурноста и стравот поради многу ситуации – и очекувани и неочекувани – наметнаа големи предизвици. Како што навлегуваме во 2021 год., тие предизвици остануваат, но, се прилагодивме, и дома и на работното место.

Покрај тоа, преминот од 2020 во 2021 е одбележан со надеж, која мора да биде избалансирана со внимателност. Сега е време да застанеме и да се се потсетиме на некои аспекти за 2021 година и понатаму:

Прво, не смееме премногу да се опуштиме и да заборавиме на важноста на заштитата од КОВИД-19. Носењето маска, миењето раце и одржувањето физичко растојание и понатаму треба да бидат наши водечки начела во претстојните месеци.

Значителен напредок е постигнат во врска со вакцината за КОВИД-19, меѓутоа, ќе поминат месеци пред да имаме доволна висока стапка на вакцинација за да се заштити поголемиот дел од населението. Тоа е и свесност за реалноста, која мора да ја споделуваме со нашите соседи, пријатели и семејства.

Иако вакцините за КОВИД-19 ќе ја зголемат заштитата на здравјето, ќе бидат неопходни години за закрепнување на нашите општества од социо-економските влијанија и шокови од пандемијата. Закрепнувањето ќе се оддолжи и веројатно ќе донесе многу предизвици. За тоа ќе биде потребна истрајност и трпение, заедно со насоченост кон позитивни промени – во нашиот личен живот и во работата.



Потребно е да дејствуваме и поединечно и за општото добро, со цел одржлив развој и за подобро закрепнување за сегашните и идните генерации. И понатаму треба да препознаваме дека некои се поранливи од останатите и дека затоа се неопходни нашите засилени напори и внимание со цел никој да не заостане. Тоа не е одговорност само на носителите на одлуки, туку на сите поединци во нашите општества. Секое постапување може да направи разлика!

За повеќето луѓе, и особено за здравствените работници и останатите кои се во првите редови во одговорот што се дава на КОВИД-19, крајот на 2020 година е одбележан со исцрпеност по долгата година на рестрикции, мерки и давање одговор. Сите сме желни да се вратиме на нормалната состојба пред КОВИД-19.

Меѓутоа, не треба да се воздржуваме од разгледување и признавање на достигнувањата во 2020 година, какви беа искуствата и како ги надминавме предизвиците и препреките. Тоа е можност да ги признаеме – со гордост! – нашите силни страни, отпорност и способност да се истрае – како поединци, семејства, заедници и општеството.

Со тоа би сакала да ви посакам сè најдобро за 2021 година. Ви посакувам здравје, многу радост и лична исполнетост. Како што навлегуваме во првата година од РСОР и втората година од Декадата на акција кон Целите за одржлив развој – и нашата заедничка визија да се стави крај на сиромаштијата, да ја спасиме планетата и да изградиме мир во светот, посакувам 2021 година да ја одбележат засилени поединечни и заеднички заложби со цел ѝ понатаму да се обезбедува одржлив развој и подобри можности за сите во Северна Македонија – без разлика на возраст, род, социо-економска положба, религија, верување, етничко потекло, попреченост или било кој друг основ или разлика!

**Росана Дуџак**
Постојан координатор на ОН во Северна Македонија

# COVID-19 ОДГОВОР И ЗАКРЕПНУВАЊЕ

**Конференција за социо-економското влијание на COVID-19 во земјата**

ОН во Северна Македонија, во партнерство со тинк тенкот Finance Think, организираше хибриден настан „Социо-економските влијанија од КОВИД-19 во Северна Македонија – научени лекции и патот кон ефективно и одржливо закрепнување" на 22 декември. На конференцијата беа присутни претставници на Владата, меѓународните партнери и други чинители, со цел да се дискутира за напорите во одговорот на КОВИД-19 и да се образложат напорите за закрепнување и за намалување на ризиците од слични непогоди во иднина.

Двете панел дискусии на конференцијата, со говорници на високо ниво од Владата, ОН, меѓународните финансиски институции и Европската унија, се фокусираа на луѓето и економијата, следејќи ја логиката од Рамката за одговор на Ковид-19 и потврдувајќи ги воведните размислувања дека со кризата на површина излегоа постоечките системски слабости и дека најранливите групи беа најсилно погодени; но, исто така, дека тоа отвора можности за побрзо преструктуирање на економијата коешто треба да биде поткрепено со структурни реформи.

Од настанот може да се издвојат следните клучни аспекти:

(1) **Градењето на човечкиот капитал е клучно за одржливиот развој во Северна Македонија.** За тоа се неопходни координирани, одржливи и долгорочни заложби за да се подобри квалитетот на образованието на сите нивоа, односно, од инфраструктурата па сè до наставните планови и вткаените вредности. Неопходни се прилагодувања на начинот на којшто учениците учат и тоа вклучува критичко размислување, зајакнување на индивидуалниот потенцијал и користење дигитални алатки. За да се овозможи тоа, неопходно е да се унапредуваат ИТ вештините на наставниците, и да се обезбеди подобар пристап до опрема, наставна и психосоцијална поддршка за учениците со посебни потреби. На наставниците треба да им се даде поголема индивидуалност и одговорност во подготовката на часовите, за да можат поефикасно да ги развиваат вредностите и емоционалната интелигенција на учениците. Во контекст на криза, образованието треба да биде најотпорно: училиштата треба да бидат последни што ќе се затворат и први што повторно ќе се отворат кога ќе биде безбедно да се направи тоа, со навремено воспоставување на мерки за да се ублажи загубата од учењето.

(2) **Здравјето е предуслов за одржлив развој и силен поттикнувач на економијата.** Во претстојниот период, фокусот треба да се насочи на градењето доверба кај јавноста преку вклученост на заедниците, како и на подобрување на институционалните, финансиските и човечките ресурси за испорака на основни услуги на локално ниво. Засиленото рутинско следење на здравјето и ранливостите, вклучително и поддршката за менталното здравје, како и зајакнувањето на технологијата и иновациите со цел е-здравството да биде попристапно, се од клучно значење за одржливоста на придобивките од универзалната здравствена и социјална заштита.

(3) **Одржливото закрепнување повикува на координиран одговор преку политиките кон „правична транзиција", со интегрирање на зелени и иновативни извори во развојот по завршување на пандемијата, притоа градејќи отпорност на системите и обезбедувајќи инклузивност со ставање посебен акцент на жените.** За да се надминат несразмерно посилните влијанија од кризата врз жените и родовиот диспаритет да се преточи во забрзан раст, Владата треба да се обврзе и да ги јакне вештините за родово-одговорно буџетирање, да се инвестира во економијата на давање грижа и да ги зајакне заложбите за подигнување на јавната свест за да се оспорат длабоко вкоренетите предрасуди кон жените.

(4) **Основните услуги за обезбедување заштита и психосоцијална поддршка треба и понатаму да бидат постојано на располагање, и да бидат финансиски достапни и пристапни.** Има простор да се вклучи давањето систематски одговор преку инструментите за социјална заштита при идни кризи и да се поддржуваат социјалните работници да обезбедуваат иновативни социјални услуги, притоа намалувајќи ги нивните административни обврски. Повеќересорски и интегриран одговор, којшто се темели на податоци, јасни протоколи и капацитет за давање услуги, е од клучна важност за ефективно надминување на родово-базираното насилство.

(5) **За да се изградат поотпорни и одржливи локални системи за храна,** земјата треба да ги диверсифицира снабдувањето и изворите на храна, да го зајакне локалното производство на храна според можностите, како и пристапот до пазарите за да се овозможи продажба на храната од локално производство.

(6) **Земјата треба да ја надоградува фискалната амортизација** преку зајакнување на даночната управа, намалување на даночните расходи и прилагодување на даночната политика во области како што се животната средина и дигиталното оданочување. Тоа треба да се комбинира со постепено намалување на трошењето предизвикано од кризата, справување со долгорочната одржливост на пензискиот и здравствениот систем, зајакнување на управувањето со јавните инвестиции, и ревидирање на поддршката за корпоративниот сектор преку повеќекратни програми за државна помош коишто понекогаш се преклопуваат. Рационализацијата на јавните услуги и исплатите, и диверсификацијата на финансирањето ќе бидат клучни за успехот.

(7) **Фискалната консолидација не смее да го ограничува економскиот раст.** Земјата треба да даде приоритет на структурните реформи за да се поттикне продуктивноста преку продуктивни и иновативни процеси во деловниот сектор, којшто треба да се прилагоди на новата економска реалност, а Владата тоа треба да го олеснува преку издржана регулатива и ефективна државна помош и политики за конкурентност. Фокусот на попаметен и инклузивен раст и планирањето на јавните инвестиции треба да ја зајакнат конкурентноста на приватниот сектор и неговото интегрирање во глобалните вредносни синџири, преку иновации и технолошко надградување **и** преку зајакнување на човечкиот капитал. Со забрзано темпо во овие реформи, Северна Македонија ќе може да го постигне просекот на животниот стандард од ЕУ за 30 години, меѓутоа, само половина од тоа време ќе биде потребно за да се достигнат сродни земји во развојот, како што се Бугарија и Хрватска.

(8) **Фокусираноста само на стапката на невработеност може да наведе на погрешен избор на политики,** со оглед дека повеќето нови невработени лица, особено жени, директно стануваат неактивни на пазарот на труд, и таквата состојба е многу потешко и поскапо да се поправи. За да се спречи закрепнување без отворање работни места, важно е да се даде сеопфатен одговор преку политиките. Неопходна е насоченост како на понудата и мерките за активација, така и на побарувачката, преку разбирање како се отвораат работни места во различни сектори и на кој начин тоа може да се зајакне преку иновации. За поефективна активација, Младинската гаранција треба да се поддржува со програми за втора можност коишто имаат за цел да се обноват вештините на работната сила според потребите на пазарот.

(9) **Во земјата треба да се отвори дијалог за квалитетот на клучните работни места,** имајќи предвид дека клучните работници – како што се земјоделците и работниците во првите редови –



*Фотографија од отворањето на хибридната конференција за социо-економското влијание на COVID-19 во земјата, организирано од ОН во Северна Македонија и Finance Think*

# COVID-19 ОДГОВОР И ЗАКРЕПНУВАЊЕ (продолжува)



*Мила Царовска, Министер за образование и наука, зборува на 22 декември, на конференцијата за социо-економското влијание на COVID-19 во Северна Македонија*

главно имаат ниска заработувачка. Организациските аспекти, на пр: кој може да се префрли на работење од дома и кој ќе се грижи за децата, е исто така важно да бидат опфатени. Законот за работни односи, чијашто подготовка е во тек, треба да ги вклучува и аспектите кои произлегоа поради пандемијата за да се создаде отпорност при потенцијални идни шокови.

(10) **Јавните политики треба да се креираат преку целисходни консултации со клучните чинители за да се одговори на реалните потреби и да се одржува транспарентноста.** Политиките треба ефективно да се следат и тестираат врз основа на собраните докази и податоци за да истите се прилагодат на променетата реалност и за да се овозможи и отчетноста на институциите. На пример, влијанијата од зголемената финансиска поддршка од активацијата (четирикратно зголемена во 2020) треба да се тестира преку анализа на трошоците и придобивките врз основа на податоци.

Како заклучок, девет мерки од Рамката за одговор на Ковид-19 беа воведени со цел да се спречи ширењето на вирусот и да се зајакнат здравствените служби; да се подобри квалитетот на образованието за време на пандемијата; и да се заштити од загубата на приходите и да се з поддржат работните места. Студијата финансирана од Британската амбасада во Скопје, ја изработија тим на национални експерти со техничко раководство од страна на Finance Think и УНДП во име на Постојаниот координатор на ОН придонес од шесте агенции на ОН.

**Други активности за одговор на COVID-19**

Агенциите на ОН ѝ понатаму ќе даваат поддршка на одговорот што се дава на КОВИД-19 во земјата со конкретни и детални анализи на прашања коишто спаѓаат во нивниот домен на експертиза.

**Меѓународната организација на трудот (МОТ)** за Организацијата на работодавачи на Македонија и Бизнис конфедерацијата на Македонија обезбеди Превенција и ублажување на КОВИД-19 на работното место за малите и средни претпријатија – ЛИСТА ЗА ПРОВЕРКА ВО ПОСТАПУВАЊЕТО за проценка на ризиците од КОВИД-19 на работното место, вклучително и информации за превентивни мерки за безбедност и здравје коишто може да се применат за идни потенцијални појави на епидемии. Во нивно име, МОТ исто така го спроведе и вториот круг на истражување за претпријатијата, за да се разбере ставот на бизнисите во врска со ефективноста на третиот и потенцијалот на четвртиот пакет мерки на Владата за одговор на Ковид-19. Наодите од претходното истражување и соодветниот извештај беа искористени од организациите на работодавачите за да се застапуваат и да влијаат на некои од активните мерки и уредби.

Сојузот на синдикатите на Македонија и синдикатите во негов состав ја реорганизираа работата согласно препораките на Владата и МОТ. Од почетокот на кризата, синдикатот обезбедува бесплатна правна помош за работниците од неколку компании, со над 80,000 работници кои имаат придобивки од зајакнатиот фокус на тие услуги. Стандардите за работни односи даваат корисни насоки за обезбедување пристојна работа, вклучително и во контекст на оваа криза. Збирката дава одговор на најчесто поставуваните прашања во врска со меѓународните стандарди за работни односи и Ковид-19, и има за цел да се поддржи прилагодувањето и одговорот на Владата, работодавачите и работниците на пандемијата со КОВИД-19. Неопходно е релевантните надлежни органи да водат консултации со претставниците на работниците, покрај со бизнисите, за сите прашања поврзани со политиката за работни односи, и тоа е сега понеопходно од било кога претходно. Овој документ дава примери како може да се користи социјалниот дијалог за да се управува со безбедното враќање на работа на различни нивоа и во различни региони, покажувајќи како ефективниот дијалог води кон решенија во даден контекст, и притоа градејќи ја довербата и сигурноста во мерките. Воедно, овој документ за политики на МОТ, покажува како ефективниот тристран социјален дијалог и соработката меѓу Владата и организациите на работодавачите и работниците може да биде двигател за економска и социјална отпорност, конкурентност, стабилност и инклузивен раст и развој.

**Фондот за население на Обединетите нации (УНФПА)** изработи видео материјал за волонтерската работа и КОВИД-19 за социјалните мрежи, придружено со едукативни постери и летоци за заштитните мерки наменети за постарите лица. Со финансиска поддршка од Британската амбасада во Скопје и во соработка со министерствата за труд и социјална политика, здравство, внатрешни работи и организациите на граѓанското општество, УНФПА ги комплетираше протоколите за безбедно работење на прифатните центри за време на КОВИД-19, како и за центрите за упатување на жртви на сексуално насилство. Тоа е дел од меѓуресорскиот одговор на родово-базираното насилство за време на КОВИД-19, којштo вклучува и дистрибуирање на околу 14,000 постери и летоци за пријавување на родово базирано насилство.

**Канцеларијата на Обединетите нации за дрога и криминал (УНОДЦ)** преку советникот за спречување корупција ги презентираше ризиците и мерките за ублажување со оглед на претстојната дистрибуција на вакцините за КОВИД-19 на Меѓународниот ден за борба против корупцијата, истакнувајќи ја потребата за неодложно усвојување и примена на поробусни системи за отчетност, транспарентност и интегритет од страна на владите, приватниот сектор и граѓанското општество". Конвенцијата на Обединетите нации против корупција (УНЦАЦ), чиешто спроведување е во домен на УНОДЦ, дава солидна рамка за тие заложби на глобално ниво.

**Високиот комесар за бегалци на Обединетите нации (УНХЦР)** дистрибуираше дезинфекциски и хигиенски средства (диспензери и течност за дезинфекција, постелнина) во поддршка на владините капацитети за одговорот на КОВИД-19. Сите средства беа распределени како дел од проектот „Идентификување и одговор на предизвиците од КОВИД-19 во рамки на одговорот за мигрантите и бегалците на Западен Балкан", финансиран од Службата на ЕУ за инструменти за надворешна политика.

Во соработка со **Светската здравствена организација (СЗО)**, Венециска организација за инвестиции за здравје и развој, СЗО Северна Македонија организираше работилница на 14 декември 2020 година за да се дискутира за прелиминарните наоди од проценката за здравствените и социо-економските влијанија од КОВИД-19 и ублажувањето во Северна Македонија, на која учествуваа над 60 учесници од Владата, меѓународните партнери и граѓанското општество.

## LATEST EPIDEMIOLOGICAL DATA (29 Dec 2020)

**81,804** CONFIRMED COVID-19 CASES

**2,456** COVID-19-RELATED FATALITIES

**39,265** CONFIRMED CASES PER 1,000,000 PEOPLE

**1,178** FATALITIES PER 1,000,000 PEOPLE

Daily new cases reported




For latest data see **covid19.who.int/region/euro/country/mk**

## ДРУГИ АКТИВНОСТИ

На 21 декември, УНХЦР и Академијата за судии и јавни обвинители ја организираа годишната округла маса за законот и праксата за заштита на бегалците во 2020 година. Настанот првенствено беше наменет за судовите кои постапуваат по предметите за азил во земјата, со учество на Министерството за внатрешни работи – гранична полиција и сектор за азил, Народниот правобранител, како и НВОи и адвокати кои даваат бесплатна правна помош на баратели на азил и бегалци. Овогодинешниот настан беше фокусиран на одржувањето јавно сослушување на барателите на азил пред судовите и одржувањето онлајн интервјуа за да се одреди статусот на бегалците. Исто така, УНХЦР испорача неопходни средства и предмети во прифатниот центар за баратели на азил во Визбегово за да се поддржи воспоставувањето на безбедна просторија за советување и за доверлива и ефективна комуникација меѓу барателите на азил и партнерите кои даваат правна помош, како и со раководството на центарот.

По повод Меѓународниот ден на човековите права (10 декември) и завршувањето на кампањата – 16 дена активизам против родово-базирано насилство, UN Women и невладината организација Полио Плус беа домаќини на онлајн дебата за родова еднаквост и вклученост на жените со попреченост во одбранбениот сектор, со гости говорници од кабинетот на Претседателот на Северна Македонија и министерството за одбрана. Во координација со Парламентарниот институт, UN Women организираше серија работилници за вклучување на родовата компонента во надзорната улога на Собранието и запознавање на пратениците и Парламентарниот институт со алатките за примена на родово-одговорно буџетирање во прегледот и надзорот на предлозите за закони, политики и буџети. UN Women, исто така, одржаа две онлајн обуки во соработка со Националниот совет за родова еднаквост и нивните партнери АГОРА, со цел да се подобри разбирањето и практичните вештини кај граѓанските организации коишто работат на терен за зголемено учество на жените во процесите на планирање и буџетирање на локално ниво.

Развојната програма на ОН (УНДП) продолжи со активностите за завршување на основно образование за ранливите групи, и тоа за малолетниците во новиот воспитно поправен дом во селото Волковија, за ромското население во општина Куманово и во трите затвори за затворениците без завршено основно образование.

УНДП учествуваше на потпишувањето на подрегионалниот проект со кој се опфатени Албанија, Северна Македонија и Србија за зајакнување на националните и локалните системи за поддршка на ефективна социо-економска интеграција на повратниците на Западен Балкан. Околу 1 милион евра се распределени за Северна Македонија за спроведување програми на локално ниво и со цел проверените иновативни решенија да се преточат во препораки за политики коишто би се интегрирале во националната регулатива и владините програми за финансирање.

На 3 декември, УНДП го поддржа официјалното отворање на првиот центар за работно ориентирана рехабилитација во земјата од страна на НВО Изгрев во Струмица. Центарот за обука е дел од еден похолистички пристап којшто е подготвен заедно со Министерството за труд и социјална политика со цел да се пилотираат процесите за професионална рехабилитација и да се обезбедат препораки за измена на политиките врз основа на докази. Инклузивниот карактер на центарот ќе овозможи поддршка за секое заинтересирано лице, особено за лицата со попреченост, да научат низа на нови вештини за поефективна вклученост на пазарот на труд.

УНДП, исто така, во месец декември започна серија од четири обуки за развој на услуги во економијата за грижа за лицата кои имаат потреба од тоа и формализирање на секторот за неплатена грижа.

## ВО ФОКУС Подготовка за COVID-19 вакцина



*Vaccine preparation. Photo credit @UNICEF/2020/Georgiev*

### Подготовка за COVID-19 вакцина

Без разлика каде живееме, пандемијата со КОВИД-19 ги засега сите. Меѓутоа, со сè поголемиот број вести за надежната вакцина и замислувајќи го денот кога КОВИД-19 ќе биде зад нас, водечки принцип мора да биде дека светлина на крајот на тунелот ќе има за сите, вклучително и за граѓаните на Северна Македонија. Никој не може да биде безбеден додека секој еден не биде безбеден.

Северна Македонија е одлучна и работи на Планот за подготвеност за вакцинација за КОВИД-19 со цел вакцините брзо да стигнат до најголем број ранливи лица, започнувајќи од здравствените работници, клучните работници во првите редови и постарите лица. Земјата разгледува различни можности за да се обезбедат вакцините, и се приклучи на Глобалниот механизам за пристап до вакцини за КОВИД-19 (COVAX механизам), со други 172 земји коишто ќе го користат овој систем за распределба на вакцини. Вакцините преку овој систем се очекуваат некаде во месец март 2021 година, пред се за постари лица и клучните работници во првите редови, а преку овој систем се очекува да се покрие отприлика 20% од населението до крајот на 2021. Владата работи на обезбедување и на други дози вакцини директно од производителите и преку директна помош од меѓународните партнери

COVAX механизмот, кој го водат Гави, Алијансата за вакцинација, СЗО и Коалицијата за иновативна подготвеност за епидемии (CEPI), е отворен за сите земји. Главната цел е луѓето од сите делови на светот да добијат пристап до вакцините за КОВИД-19 штом истите бидат на располагање, без разлика на нивното богатство. COVAX е признаен механизам којшто обезбедува дека штом бидат достапни вакцините ниедна земја нема да биде оставена да чека последна на ред. Вакцините помагаат да се зачува животот и можат да бидат ефективни само доколку се достапни подеднакво за најранливите и истовремено во сите земји.

Фондот за деца на Обединетите нации (УНИЦЕФ) се приклучи на Напредната пазарна обврзаност на механизмот COVAX за да се обезбеди дека и земјите со ниски и средни приходи ќе добијат вакцини за КОВИД-19. Како најголем снабдувач на вакцини во светот, набавувајќи над 2 милијарди дози на годишно ниво за рутинска имунизација и одговор на епидемии во име на околу 100 земји, УНИЦЕФ ја координира и поддржува набавката и меѓународната шпедиција за вакцините за КОВИД-19 за механизмот COVAX. Северна Македонија ќе го користи овој механизам.

Како назначена агенција за координација и набавки со COVAX, УНИЦЕФ ја стави во функција КОВИД-19 Вакцина - пазарна контролна табла – којашто претставува интерактивна алатка за земјите, партнерите и индустријата каде што се следат случувањата на брзо растечкиот пазар на вакцини за КОВИД-19 и заложбите на COVAX механизмот за правичен и еднаков пристап за секоја земја во светот. УНИЦЕФ ќе врши набавка и снабдување со вакцини за КОВИД-19 коишто ги исполнуваат утврдените критериуми за безбедност и ефикасност од страна на СЗО и за коишто се добиени неопходните одобренија од регулаторите.

### Распределба на вакцината

Обезбедувањето на вакцините е сепак само еден дел од приказната. Во земјата се работи напорно на проценка и подготвеност на сите системи и работната сила, како и на законодавните и комуникациските аспекти кои е неопходно да се опфатат при распределбата на вакцината. Оваа работа ја води националната техничка група за вакцинација за КОВИД-19 и се надополнува на Упатствата на СЗО и УНИЦЕФ за национална распределба и планирање на вакцинацијата за да им се помогне на земјите да изработат план за воведување на вакцинацијата за КОВИД-19.

Процената за распределбата на вакцината вклучува преглед и воспоставување на структури за носење одлуки при планирањето и координацијата. Исто така, воспоставена е и регулаторна рамка за да се овозможи на земјата да најдe начини за забрзана регистрација и набавка на вакцината за КОВИД-19. Во земјата се разгледуваат начини како да се обезбеди управување со снабдувањето и ладниот синџир, обука за здравствените работници и дигитализиран систем за индивидуална евиденција за вакцинација со цел подобро следење и справување со состојбата.

Иако вакцинацијата со КОВИД-19 значи и светло на крајот на тунелот за Северна Македонија, постоењето на безбедна и ефективна вакцина за КОВИД-19 нема да стави крај на пандемијата. Сите имаме своја удел во помагањето да се спречи ширењето на КОВИД-19, да ги следиме протоколите за тестирање и лекување, и понатаму да ги миеме рацете, да одржуваме физичко растојание и да носиме маска.

The latest version of the Sustainable Development Bulletin is available on UN North Macedonia website. For additional information, please contact rco-northmacedonia@un.org. Produced by the UN Resident Coordinator's Office in North Macedonia | 31 December 2020.

**www.un.mk**